# НОВООТКРИЕНИ ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИЦИ ВО КРАТОВСКО

Село Филиповци

1. Надгробен споменик (сл. 1) од сив камен со димензии: 0.50 × 0.70 × 0.14 м. Откршен е од трите страни а откршените делови не се пронајдени. Откриен е од Санде Лазаровски во атарот на с. Филиповци, Кратовско, кај месноста „Свети Илија"[1]. Зачуваниот дел од натписот гласи:

. . . . . . . .H(ic) s(ita) e(st) [vix](it)
a(nnos) XXVIII
menses VI
vita inte-
gerrima
Iul(ius) Mucia-
nus[2] act(arius)
coniugi.



Превод: „Овде почива. . . . . .
(живеела) 28 години и 6 месеци живот најчестит. (Го подигнал споменикот) Јулиј Мукијан, актариј на сопругата".

Во натписот има само една лигатура во 6. ред, каде се легирани буквите 4+5(m+u). Суперлативната форма integerrima vita

[1] Месноста „Свети Илија" се наоѓа во атарот на с. Филиповци (Топанџиско Маало) во подножјето на високиот рид „Градиште" на чиј врв се наоѓала голема утврдена населба во римско време. Покрај големиот број фрагменти од римска керамика и покривни керамиди, на оваа месност се пронајдени и два капитела. Според легендата, на ова место имало старо светилиште а селаните и денес го третират за оброчиште.

[2] Имињата со наставките на -ianus,-iane, претставуваат сигурен доказ за датирање во крајот на III и почетокот на IV век (Види Д. Димитров, *Надгробните плочи от Северна България*, София 1942, стр. 17.

се однесува до сопругата на Mucianus, за да го прикаже нејзиниот живот како „најчестит". Когноменот Mucianus е од латинско потекло[3]. Самата функција actarius во римската војска бил еден од најниските чинови[4].

2. Надгробен споменик од сив камен (сл. 2) со дим.: 0.88×0.44 × 0.20 м. Тој е оштетен на левата и долната страна. Пронајден е во една некропола од римско време кај месноста „Село"[5] во атарот на с. Филиповци, на околу 200 м. од местото каде е пронајден претходниот споменик бр. 1.

Натписот е изделкан со големи букви и гласи:



Fl(avia) Secu-
ndina[6]
h(ic) s(ita) e(st) vix(it)
an(nos)7[7] XXX P-
hoebio[6]
[c]oniu
[gi]. . . .

[3] G. Mihajlov, *Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae*, v. III, *Serdica* 1961, стр. 283.

[4] R. Cagnat, *Cours d' épigraphie latine* Paris, 1914, стр. 140.

[5] Месноста „Село" граничи со месноста „Свети Илија" и претставува локалитет од римско време. При стремење на една нива за садење на лозје откриени се и уништени повеќе од 30 гробови. Во еден од нив се пронајдени двете стели и 5 бронзени римски монети.

[6] Римските имиња Secundina и Phoebio (Phoebus, гр. Φοῖβος) ретко се сретнуваат во римската просопографија. На еден споменик од с. Арачиново, Скопско, е евидентирано името Phoebus (Види Н. Вулиħ, Споменик XCVIII бр. 316).

[7] Овој знак, кој е сличен на цифрата 7, можеби служи за да ги означи точно годините на покојната.

Релјефното поле е декорирано со 4 розети, по две на секоја страна, а во средината има крст над којшто стои голем полумесец. Натписното поле е врамено, а зачуваната десна рамка (цокле) е декорирана со гранка од бршленови лисја. Сигурно е дека ваква декорација имала и левата рамка, која е откршена и изгубена. Превод: „Овде почива Фл. Секундина, живеела 30 години. Phoebio на својата сопруга (го подигнал споменикот)“.

Името на дедикантот Phoebio е од грчко потекло и се јавува овде без гентилно име, додека името на неговата сопруга е предадено со gentilicium и cognomen Flavia Secundina. Не се знае какво значење има знакот 7, кој стои меѓу annos и XXX, одделен со интерпункција.

Што се однесува до датирањето на споменикот, самиот натпис ни дава некои податоци, на кои можеме да се базираме. Употребата на едночлената и двочлената формула на имињата, потоа на латинскиот именски суфикс -ina и шаблонската изработка на декоративните мотиви врз релјефното поле и рамката го однесуваат горниот споменик во втората половина на III век или првата половина на IV век. Во прилог на ова датирање говорат и најдените монети во некрополата[8].

3. Надгробен споменик (сл. 3) од сив камен со дим.: 0.80×0.57×0.18 м. Неговиот горен дел заедно со натписното поле е искршен и изгубен. Најден е на истото место како и претходниот споменик бр. 2. Од натписот е зачувана само една буква од последниот ред — p(osuit).

Под самото натписно поле, во просторот на цоклето, е издлабен во форма на гроб во кој лежи испружена на грб човечка фигура, која претставува млада жена. Под гробот, на самите краишта, има два постаменти.

Инаку покојницата лежела на грб со дигнати нагоре раце. Нејзината десна нога била превиена и поставена на левото колено. Над жената е претставена голема змија, која со својата глава ја допира главата на жената а нејзината опашка излегува надвор од рамките на гробот.

Претставата на змијата како мотив во сепулкралната декорација на спомениците не е широко застапена во Македонија како декорација на цоклето. Само во некои случаи се сретнува и тоа во Битолско, Прилепско[9] и Свети-Николско[10]. Кај нив змијата е прет-

---

[8] Во 1961. година, при посетата на локалитетот, беа откупени 5 бронзени римски монети (1 Licinius и 4 Constantinus I).

[9] Н. Вулић, Споменик LXXI бр. 435, 436, 492; Споменик LXXI бр. 528, 376, 456.

[10] Н. Вулић, Споменик XCVIII бр. 398.

ставена на калканот или во релјефното поле. Инаку најчесто се појавува како атрибут на Ескулап или во сцените на тракискиот херос. Во нашиот споменик претставата на змијата има религиско-симболичко значење. Исто така и претставата на гробна конструкција кај надгробните споменици, особено на цоклето, во Македонија претставува реткост.



Село Шлегово

4. Надгробен споменик[10a] (сл. 4) од камен варовик со дим.: 1.05×0.80×0.20 м. Откршен е долниот крај заедно со дел од нат-

[10a] Калканот е декориран со розети и други декоративни мотиви.

[11] Н. Вулић, Споменик XCVIII бр. 115.



Θ(εοῖς) κ(αταχθονίοις)
Καλπουρ-
νιανὸς Ἐπι-
γένου καὶ
Κλαυδία Χιό-
νη[11] Καλπουρ-
νιανῇ ζη-
σάσῃ ἔτη
δύο μνήμ-
ης χάριν τὰ
ἑαυτῶν
ἐπ[οίησαν]

писот. Откопан е во нивата на В. Петров, жител на с. Шлегово, која се наоѓа на северната периферија на селото. Натписот е на грчки јазик и со големи букви. Тој гласи:

Превод: „На подземните богови Калпурнијан, син на Епиген и Клавдија Хионе, на Калпурнијана, која живеела две години, го подигнале (споменикот) за сеќавање".

Посветувањето на подземните богови (θ. κ.) претставува превод од латинската форма diis manibus, која ретко се среќава во

подрачјето на Македонија, што се наоѓало под грчко културно влијание. Името на првиот дедикант е предадено со когномен и патронимик, што е карактеристично за јужниот дел на Македонија, додека името на покојната претставува когномен. Од приведените имиња се заклучува дека дедикантите на горниот споменик биле романизирани граѓани, кои по потекло биле Македонци или Грци.

Врз основа на двочлената формула на имињата, на именските форми на -ιανος, ιανη како и на посветувањето на подземните богови, горниот споменик може да се датира во крајот на III или почетокот на IV век.

Село Коњух

5. Надгробен споменик од сив камен со дим. 0.35×0.24 м. Се наоѓа вѕидан во северниот ѕид на малата средновековна црква на античкиот локалитет „Градиште" во атарот на с. Коњух, Кратовско. Натписот е зачуван само делумно и гласи:

Fl(avius) Iusti
ianus
Pri(mus) e. . . .
v(ixi)t
an(nos). . .
— — — — —

* * *

Епиграфските споменици од Кратовско што ги објавуваме погоре, како и оние што ги објавил порано Н. Вулиќ[12], имаат готово исклучително латински натписи и претставуваат интересен материјал ријал за археолошки проучувања на горното подрачје. Врз основа на податоците што се добиваат од тие натписи[13] може да се заклучи дека овој крај во текот на римското владеење бил вклучен во латинската културна сфера и влегувал во составот на Дарданија. Од друга страна присуството на споменици со грчки и латински натписи во подрачјето источно од Кратово (Злетовска област) покажува дека овде проаѓала границата, која ги делела двете културни зони во Македонија. Овде се наоѓало и тромеѓето помеѓу провинциите Македонија, Дарданија и Тракија. За тоа индицираат откриените досега епиграфски споменици, на кои се евидентирани имиња од римско, грчко (македонско) и тракиско потекло[14].

Новите епиграфски споменици од Кратовско (селата Филиповци, Коњух) претставуваат доказен материјал дека ова подрачје се наоѓало во составот на Дарданија а не на Тракија и дека некаде

[12] Н. Вулић, Споменик XCVIII бр. 212, 213 (Коњух).

[13] Евидентирани се римските имиња Secundina, Phoebio, Mucianus, Maximianus, Iustinianus и други.

[14] Н. Вулић, Споменик LXXI бр. 198; Ар. Keramidčiev, *New Inscription from East Macedonia*. Зборник на Археолошки музеј Скопје, кн. IV—V, стр. 59—60, Жива Антика, *Нови епиграфски споменици од Источна Македонија*, Скопје 1965 стр. 109—115.

источно од Кратово и треба да се бара границата на Дарданија спрема Тракија во античко време. Во прилог на тоа е и веста од Страбон, според која племињата Галабрии и Тунати биле дардански и дека Тунатите граничеле на исток со тракиското племе Меди[15].

Според Аристотел границата меѓу Медите и Пајонците се наоѓала на планината Месапион[16]. Истиот автор на друго место ја спомнува и планината Исајон како граница помеѓу нив[17]. Дали се работи за една планина или две соседни планини, не може да се каже. Но едно е јасно: дека границата помеѓу овие две племиња поминувала низ планинско подрачје и дека едната од овие планини секако се однесува на денешната Осоговска Планина.

Податоците од Птолемај[18] дека реката Стримон извира од пограничното планинско подрачје помеѓу Македонија и Тракија секако се однесува до Осогово, од кое извираат повеќето притоци на Струма. На друго пак место истиот автор говори дека Горна Мезија (Дарданија) граничи со Македонија на планината Орбел. Страбон[19] исто така ја поставува северната граница на провинција Македонија на планините Скард и Орбел, односно на денешните планини Шар и Осоговска.

Слабото проучување на Источна Македонија во археолошки поглед и отсуството на епиграфски материјал од поодделни нејзини подрачја претставувале пречка за одредување на приближната граница меѓу Дарданија, Македонија и Тракија. Поради тоа се дошло до разни и противречни претпоставки кај научниците во врска со разрешувањето на горното прашање. Така Томашек[20] ги локализира Медите по горниот тек на Брегалница (Делчевско), но ја проширува населената од нив област до Куманово. Други пак како Leake и Reinach отишле уште подалеку и ги поставиле Медите и по горниот тек на Јужна Морава[21]. И Patsch дошол до заклучок дека Медите ја населувале Горна Брегалница[22], а пак Ф. Папазоглу врз основа на епиграфскиот материјал, го смета подрачјето на Кратово и Кочани населено и со тракиско население[23]. Искажаното мислење од Ст. Симиќ[24] дека дарданската област допирала до

---

[15] Strab. VII, 316 (Види Ф. Папазоглу, *Македонски градови у римско доба*, Скопје 1957, стр. 84.

[16] Aristot, *Historia anim.* X, 45 (630a 19). Упореди Б. Геров, *Проучвания* кн. I., София 1961, стр. 377.

[17] Pseudoaristot., *De mirab. ausc.* 1 (830 a). Спореди Б. Геров, н. д. стр. 377.

[18] Ptolem., III, 13, 18. Спореди Б. Геров, н. д. стр. 386.

[19] Strab., VII frg. 10. Спореди Ф. Папазоглу, н. д. стр. 78.

[20] Tomaschek, *Die alten Thraker*, I, 1893, 61. *Zur Kunde der Haemushalbinsel* I, 1882, 13 f., II, 1887, 86: Спореди Б. Геров, н. д. стр. 162.

[21] Reinach, BCH, XXXIV, 1910, 296, rem. 2.

[22] Patsch, *Beiträge zur Völkerkunde von Südosteuropa*, V (SBAW, CCXIV 1933, 16—22; Спореди Б. Геров, н. д. стр. 162.

[23] Ф. Папазоглу, н. д. стр. 83.

[24] Ст. Симић, *Историја Кратовске области*, Београд 1931, стр. 143.

Кратово се потврдува од новите епиграфски споменици, што се откриени на ова подрачје. Истото, подоцна, го застапува и Б. Геров[25].

За разрешувањето на горното прашање можат да ни послужат и два епиграфски споменика од околината на Куманово (с. Лопата), што се однесуваат на времето на Каракала. Во нив се спомнува една царинарска станица, позната под името Lamud(ensis)[26], која била намената за контрола на патниот сообраќај по долината на Пчиња и Крива Река спрема Тракија. Најверојатно е дека оваа станица била оддалечена од границата 30—40 км., така што граничната линија треба да се наоѓала во западното подножје на Осогово, односно во близина на денешниот град Кратово, како што истакнавме погоре.

*Скопје* *Ап. Керамитчиев*


*SUMMARY*

*A. Keramitčiev:* NEW EPIGRAPHICAL MONUMENTS FROM THE DISTRICT OF KRATOVO

The epigraphical monuments, published here, were found in the surroundings of the villages: Filipovci, Konjuh and Šlegovo, district of Kratovo. Being the first inscriptions from the nearest surroundings of Kratovo, they are of great importance for the archaeological investigation of this district.

Monument No 1 was found in the locality „St Ilia", near the village Filipovci, where numerous survivals of a small settlement from the Roman period can be seen. From the preserved inscription we can read that the monument was erected by *Iul. Mucianus* in the memory of his wife, who lived 28 years and 6 months the most honest life (*vita integerrima*).

Monuments Nos 2 and 3 were found in the locality „Selo", at a distance of about 200 m., unearthed from a Roman necropolis. It is to be noticed that the village Filipovci is situated at the foot of the high hill, called „Gradište", where a great fortification was discovered not long ago. On this hill a lot of archaeological founds have been unearthed (different domestic, agricultural and mining tools, ceramics, coins, etc.), which belong to the 2nd and 3rd cent. The names that appear on the inscriptions are of Roman origin. On the basis of these data it can be concluded that the origin of the monuments is from the end of the 3rd and the beginning of the 4th cent. The monument from the village of Konjuh (No 5) contains a Latin inscription as well.

Monument No 4 was found near the village Šlegovo, which is situated on the south-east of Kratovo. Contrary to the other monuments, its inscription is in Greek and the names, mentioned on it, are Latin and Greek, i.e. Macedonian. On the east and south of Kratovo, in the surroundings of Zletovo and Probištip, mixed inscriptions have been discovered till now, i.e. Greek in the villages of Grizilevci, Pišica, Guinovci, and Latin in the villages of Drenovo, Petršino.

The newly discovered monuments from the district of Kratovo point out that the region of Sredorek (between Stracin and the river Pčinja) was included in the Latin cultural sphere and entered in the territory of Dardania. To the east and south of Kratovo, in the mountenous region of Crni Vrh, where mixed inscriptions (Greek and Latin) appear, as well as names of Roman, Thracian and Greek origin, was evidently the boundary between these two influences in Macedonia. That was very likely the place where three borders met: those of Dardania, Thracia nad Macedonia. In addition to this, evidence can be found in the works of Aristotle, Ptolemaeus and Strabo.


---

[25] Б. Геров, н. д. стр. 181.

[26] Н. Вулић, Споменик LXXV, бр. 155.